# DETERMINATION OF THE ATTITUDES OF THE HIGHER GRADE STUDENTS ( 7-th to 9-th GRADE) IN THE PMS „ GOCE DELCHEV" – SHTIP - IN RELATION TO THE INCLUSION OF STUDENTS WITH SPECIAL EDUCATIONAL NEEDS

**Lidija Kamcheva - Panova**
Goce Delchev University in Shtip, Faculty of Philology, , lkamceva@yahoo.com
**Slavica Pilatova**
PMS„Goce Delchev" – Shtip, slavica.pilatova@yahoo.com

**Abstract:** The inclusive education is a process with which the participation of all students in the schools is increased, including those with special educational needs. It is about changing and adjusting the upbringing - educational process, politics and practical work in the schools.
The inclusive education is a process which should take into account the different individual needs for development of the students, and in doing so it should give equal possibilities for the realization of basic human rights for development and quality education. Due to this, the Concept for inclusive education was adopted in the RSM in 2020 with which measures and strategies are proposed that should remove barriers of the implementation of inclusive education and its sustainability. With this paper we wanted to determine the attitudes and opinions of the students regarding the inclusion of students with special educational needs. Before we surveyed the students, our school was included (and still is) in the project "Inclusion of children with special educational needs" implemented by the Association for assistive technology "Open the windows" with the support of the Children's Foundation Pestalozzi. So far, several activities have been realized: Trainings for teachers on the use of assistive technology and methods and techniques for adapting the contents for students with special educational needs; Trainings for teachers and parents for intercultural learning and children's rights; Providing assistive technology / devices and software for the school; Realization of activities from the first phase of the Fundraising activity - and providing sponsorships for the procurement of tablets for students with special educational needs and from vulnerable categories; Realization of activities within the second phase of Fundraising activity, which aims to provide sponsorship for the construction of an access ramp to the school for the students with corporal / physical disruption. From the conducted research it can be concluded that our students have positive attitudes regarding the inclusion of students with special educational needs, regarding the acceptance of differences, regarding the realization of joint extracurricular activities with their classmates with special educational needs. The results of the research helped us to identify the need of students for greater education in relation to what is meant by the term inclusive education and children with special educational needs.
**Keywords:** inclusive education, students' attitudes

# УТВРДУВАЊЕ НА СТАВОВИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА (7 – 9 ОДДЕЛЕНИЕ) ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП ВО ОДНОС НА ИНКЛУЗИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

**Лидија Камчева - Панова**
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Филолошки факултет, lkamceva@yahoo.com
**Славица Пилатова**
ООУ „Гоце Делчев" – Штип, slavica.pilatova@yahoo.com

**Резиме**: Инклузивното образование е процес со кој се зголемува учеството на сите ученици во училиштата, вклучувајќи ги и оние со посебни образовни потреби. Станува збор за промена и прилагодување на воспитно – образовниот процес, политиката и практичната работа во училиштата. Инклузивното образование е процес кој треба да ги земе во предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, а при тоа треба да даде еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Поради ова во РСМ во 2020 година е донесена Концепција за инклузивно образование со која се предлагаат мерки и стратегии со кои треба да се отстранат бариерите што го попречуваат спроведувањето на инклузивното образование и неговата одржливост. Со овој труд сакавме да ги утврдиме ставовите и мислењата на учениците во однос на инклузијата на ученици со посебни образовни потреби. Пред да ги анкетираме учениците нашето училиште беше вклучено ( и сеуште е) во проектот „Инклузија на деца со

посебни образовни потреби“ кој го реализара Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ со поддршка од Детската Фондација Песталоци. Досега беа реализирани повеќе активности: Обуки за наставниците за користење на асистивна технологија и методи и техники за адаптирање на содржините за учениците со посебни образовни потреби; Обуки за наставниците и родителите за интеркултурно учење и детски права; Обезбедување на асистивна технологија/уреди и софтвери за училиштето; Реализрање на активности од првата фаза од Фандрејзинг активност – и обезбедување спонзорства за набавка на таблети за учениците со посебни образовни потреби и од ранливите категории; Реализација на активности во рамки на втората фаза од Фандрејзинг активноста, чија цел е обебзбедување на спонзорстав за изградба на пристапна рампа до училиштето за ученците со телесно/физичко нарушување. Од спроведеното истражување може да се заклучи дека нашите ученици имаат позитивни ставови во однос на инклузијата на учениците со посебни образовни потреби, во однос на прифаќањето на различностите, во однос на реализирањето на заеднички вонпаставни активности со своите соученици со посебни образовни потреби. Резултатите од истражувањето ни помогнаа да ја идентификуваме потребата кај учениците од поголема едукација во однос на тоа што значи поимот инклузивно образование и деца со посебни образовни потреби.

**Клучни зборови:** инклузивно образование, ставови на ученици

## 1. ВОВЕД

За синтагмата инклузивно образование се среќаваат различни дефиниции и сфаќања за нејзиното значење:

– Инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку зголемување на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата.

– Тоа вклучува модифицирање на образовните содржини, приоди, организација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите.

– Инклузивното образование подразбира дека сите деца, без оглед на нивните посебности, се вклучени и се прифатени.

– Инклузивното образование посебно внимание обрнува на вклучување на оние деца што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Тие, без оглед на нивните потенцијали или слабости во некои области, се вклучуваат во редовните одделенија и им се обезбедуваат соодветни услови за учење, напредување и учество во животот на училиштето.

Или едноставно кажано, инклузивно образование е кога различни ученици со различни способности учат заедно во истата училница. Тие се дружат на екскурзии и заедно учествуваат во вонучилишни активности. Заедно учествуваат во училишниот систем. И заедно присуствуваат на спортските средби и игри.

Тоа ја вреднува различноста и уникатните придонеси кои секој ученик ги дава во училницата. Секое дете се чувствува безбедно и има чувство на припадност.

**Кои се основните елементи на инклузивното образование?**

*__Користење__ на асистенти, специјалисти кои им помагаат на учениците, но и наставниците да ги адресираат потребите на сите ученици. На тој начин, асистентите го помагаат вклучувањето на учениците со попреченост во образовниот систем и во самата училница. Од друга страна индивидуалната работа со учениците со попреченост, надвор од регуларните часови, не означува инклузивно работење.

*__Инклузивна наставна програма__ која вклучува теми и придонес од маргинализираните и малцинските групи, релевантни за локалната средина. Во неа се избегнуваат бинарни наративи на добро и лошо и се овозможува прилагодување на наставната програма со стиловите на учење на децата со посебни образовни потреби.

*__Инволвираност на родителите:__ Повеќето училишта се стремат кон некое ниво на инволвираност на родителите, но таа е често ограничена на е-пораки и повремени родителски средби. Во разновиден училишен систем инклузијата значи размислување за повеќе начини за тоа како да се допре до родителите и тоа под услови кои им одговараат ним.

Денес во дваесет и првиот век, во време на демократско уредување, процес на промени од широки размери, ООУ „Гоце Делчев“ настојува да го фати чекорот со светските стандарди и законитости кои подразбираат осовременување на наставниот процес, перманентна едукација на наставниците, модернизација на наставата, како би се задоволиле барањата на едно современо училиште, училиште на новото време. Секако дека концептот на инклузивно образование и позитивните инклузивни практики се наше секојдневие. Слободно можеме да се пофалиме дека нашиот колектив е компактен и може да послужи како пример на успешен соживот и толеранција. Темелот на воспитно – образовната работа е уважување и почитување на учениците и нивните способности и можности, бидејќи тоа е најголемото богатство на нашата заедница.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Со овој труд сакавме да ги утврдиме ставовите и мислењата на учениците во однос на инклузијата на ученици со посебни образовни потреби. Пред да ги анкетираме учениците нашето училиште беше вклучено ( и сеуште е) во проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ кој го реализара Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ со поддршка од Детската Фондација Песталоци.
Во истражувањето беа опфатени ученици од 7, 8 и 9 одделение од ООУ „Гоце Делчев“ – Штип и ПОУ Три Чешми преку анкетен прашалник. Учениците анкетниот прашалник го потполнува на анонимно, онлајн преку Microsoft Teams . Истиот им беше споделен од стрна на одделенски раководители.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И МЕТОДИ

Во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип и ПОУ Три Чешми беше спроведено истражување со цел утврдување на ставовите на учениците од седмо, осмо и деветто одделение во однос на инклузијата на учениците со посебни образовни потреби во нашето училиште.
Анализата покажа дека од вкупно 209 ученика во централното и подрачното училиште во населба Три Чешми, од седмо, осмо и деветто одделение, на анкетниот прашалник одговориле 127 ученика.

***Графикон 1***




На прашањето: Дали ви е познат поимот инклузија и инклузивно образование? , 59%одговориле со НЕ, а 41% со ДА.

***Графикон 2***




На прашањето: Дали знаете кои се ученици со посебни образовни потреби? , 80% одговориле со ДА, а 20% со НЕ.

***Графикон 3***




На прашањето: Дали сметате дека инклузијата и инклузивното образование се значајни и корисни за учениците со посебни образовни потреби? , 78% одговориле со ДА, а 23% со НЕ.

***Графикон 4***




На прашањето: Дали Ви пречи во одделението да имате соученик со посебни образовни потреби?, 89% одговориле со НЕ, а 11% со ДА.

***Графикон 5***




На прашањето: Дали имате стереотипи, предрасуди кон децата/лицата со посебни потреби? 93% одговориле со НЕ, а 7% со ДА.

***Графикон 6***




На прашањето: Дали би прифатил за близок пријател лице со некој вид на попреченост?, 89% одговриле со ДА, а 11% со НЕ.

***Графикон 7***




На прашањето: Дали би учествувал во директна активност со лица со попреченост?, 86% одговриле со ДА, а 14% со НЕ

***Графикон 8***




На прашањето: Дали на младите им се потребни едукации за подигнување на свеста, прифаќање на различностите и потребите на децата/лицата со посебни потреби?, 89% одговриле со ДА, а 11% со НЕ.

***Графикон 9***




**4. ЗАКЛУЧОК**

Од спроведеното истражување може да се заклучи дека нашите ученици имаат позитивни ставови во однос на инклузијата на учениците со посебни образовни потреби, во однос на прифаќањето на различностите, во однос на реализрање на заеднички вонннаставни активности со своите соученици со посебни образовни потреби. Ваквите резултати се рефлексија на мултиетничкиот карактер на училиштето и долгогодишната позитивна инклузивна практика. Резултатите од истражувањето ни помогнаа да ја идентификуваме потребата кај учениците од поголема едукација во однос на тоа што значи поимот инклузивно образование, деца со посебени образовни потреби, кои се нивните карактеристики, можности и способности, и како секој ученик треба да се однесува со нив и на кој начин да им помогне нивните посебни потреби да прераснат во посебни способности.

**ЛИТЕРАТУРА**

Закон за основно образование: Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година

Inkluzivni odgovj i obrazovanje u školi, priračnik,2015, UNICEF Bosna i Hercegovina, Udruženje ”Društvo ujedinjenih građanskih akcija“

Концепција за инклузивно образование на РСМ,донесена од 6.7.2020

Miles, S. (2007). Schools for All Including disabled children in education“,Save The Children UK Program za Crnu Goru, Podgorica

UNESCO (2009). Policy Guidelines on Inclusion in Education, стр. 8–9, http://unesdoc.unesco.org/images/0017/001778/177849e.pdf и UNICEF, 2012, The Right of Children with Disabilities to Education: A Rights-Based Approachto Inclusive Education, стр. 10–11, https://www.unicef.org/ceecis/IEPositionPaper_ENGLISH.pdf